РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-721/4
19-06-2026 г./v.

ДКСК – ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK – KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-721/1 од 11.02.2026 година, поднесена против лицето ------- од с. ------, ------, сопственик на фирмата „-------“, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Пријавата да се достави на понатамошно постапување до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-721/1 од 11.02.2026 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 11.02.2026 година, поднесена е пријава, односно нејзино дополнување на ден 12.02.2026 година, против лицето -------- од с. ------, -------, сопственик на фирмата „-------“.

Подносителот на пријавата навел дека лицето ------ од с. -------, -------, сопственик на фирмата „-------“, којшто според информации и сомнежи, подолг временски

период вршел увоз на нови автоделови за багери, трактори, виљушкари и други машини од Грција. Според подносителот стоката се внесува во државата без соодветно плаќање царински давачки, преку граничните премини во Гевгелија и Дојран, наводно со претходни договори со службените лица кои се на смена. Најчесто биле користени следните возила: Mercedes E350 со регистарски таблички ------ (црна боја) Peugeot 407 со регистарски таблички ------ (сива боја) Audi Q7 со регистарски таблички ----- (црна боја).

Подносителот наведува дека ваквите активности траеле со години без да бидат преземени конкретни мерки. Исто така, постоеле информации дека лицето ------ соработува и со грчки државјанин кој помагал во транспортот на деловите од Грција до Македонија. Дополнително, лицето ------ соработувало со ------ од -------, кои му помогнале да избрише претходно испратена електронска пријава за да може непречено да продолжи со вршење на нелегалните активности.

По разгледувањето на пријавата ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување, поради тоа што се работи за прашања од законска надлежност на друг државен орган. *Имено, согласно член 2 став 1 алинеја 5 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 120/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016, 21/2018 и 135/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/2019, 275/2019, 110/2021 и 89/2022), внатрешни работи во смисла на овој закон се: спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела. Според член 18 став 1 од Законот, министерството е надлежно за вршење на внатрешните работи од членот 2 од овој закон и други работи утврдени со друг закон.*

Дополнително, лицето -------, не претставува службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, што ја прави ДКСК ненадлежна за постапување по делот од предметната пријава кој се однесува на горенаведеното лице.

Од таа причина, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување, а предметот да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

